**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Второто продолжение на Седумдесет и осмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 4 јули 2001 година**

Седницата се одржа во салата за седници на Собрнаието на Република Македонија, со почеток во 13,20 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше господин Звонко Мирчески, потпретседател на Собрнаието на Република Македонија.

Пратениците Љатиф Пајкоски, Миланчо Черкезов, Горанчо Трајков, Љупчо Анушев и Радомир Карангелески, ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Ве молам да притиснете едно од компчињата на системот за гласање за да го утврдиме бројот на присутните пратеници во салата.

Констатирам дека имаме кворум и можеме да продолжиме со работа по Седумдесет и осмата седница.

Дами и господа,

Во одбрана на суверенитетот и територијалниот интегритет на Република Македонија,како и во одбрана на мирот и спокојството на граѓаните на Република Македонија на подмолен и кукавички напад на вооружените терористи на таканаречената ОНА ги загубија животите припадниците на Армијата на Република Македонија, Блашко Толев од село Марино Кавадарци и Џеладиновски Ферид-Фејзо од село Елово-Скопско.

Ве повикувам со едноминутно молчење да им одадеме почит.

(Присутните во салата стануваат и со едноминутно молчење оддаваат почит).

Слава им.

Продолжуваме со општ претрес по Предлогот на законот за градежно земјиште.

Молам, кој бара збор?

За збор се јави министерот за транспорт и врски господинот Балковски.

**ЉУПЧО БАЛКОВСКИ:**

Ви благодарам потпретседателе,

Дозволете ми уште еднаш само да ги потенцирам главните точки на овој мошне важен закон.

Прво, градежното земјиште е добро од општ интерес за Републиката и ужива посебна заштита, а неговото уредување е дејност од јавен интерес.

Второ, за разлика од постојната регулатива со која не е возможно да се продава и купува градежното земјиште, со Предлогот на овој закон се предлага земјиштето да биде во промет без разлика дали е изградено или не е изградено.

Правата на градежното земјиште покрај другите права на недвижностите, определени со Законот за сопственост и другите стварни права уште се: правото на концесија, правото на долготраен закуп и правото на хипотека.

Исто така, на крај заслужува внимание и преодното решение од овој закон со кое се легализираат склучените договори за отуѓување на градежното земјиште додека тоа било општествена сопственост, односно сопственост на државата. Станува збор за диви правни дела како и дивите градби. Овие договори се лагализираат со Предлогот на законот со што во голема мера ќе се регулираат односите во земјишната политика.

Само овие главни точки сакам да ги потенцирам од овој закон и поради тоа ви благодарам.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Ви благодарам господине министре.

Дали некој друг бара збор?

Збор побара пратеникот Кирил Настески.

**КИРИЛ НАСТЕСКИ:**

Почитуван потпретседателе, претставници на Владата, почитувани колеги пратеници. Несомнено дека Законот за градежно земјиште е еден од реформските закони во земјишната политика, поради што истиот е и еден од долгоочекуваните закони.

Првата фаза на овој закон беше разгледувана на овој Парламент некаде пред три години во минатиот состав на Парламентот, односно за време на Владата на СДСМ. Но, еве, иако после три години законот сега е пред нас во неговата последна фаза. Најверојатно претходно требаше да поминат и други законски проекти како што е Законот за денационализација или Законот што ги решаваше сопственичките правни работи.Со досегашните прописи во градежното земјиште беше елиминирано правото на сопственост, воспоставени беа кориснички права а прометот со земјиште не беше дозволен. Со новиот Предлог на закон направен е значаен напредок особено во поглед на трансформација на правото на

користење на градежно земјиште во право на сопственост. Потоа во поглед на прометот со градежно земјиште што сега ќе биде слободен, како и во оплглед на некои други права на градежното земјиште: долгорочен и краткорочен закуп, концесии и слично. Прашање е колку во оваа фаза на реформи можеше да се оди подалеку, особено во поглед на сопственоста на градежното земј-иште од страна на општините. Но сепак во Законот е употребен модел што во европското законодавство е многу присутен.За разлика од постојниот закон, новиот закон за градежното земјиште не содржи одредби што се однесуваат на надоместокот за употреба на градежно земјиште или таканаречената градска рента. Рентата беше добар приход на општините, наменски за одржување на некои објекти на инфраструктурата, јавни прометни површини, улици, градско зеленило, сообраќајна сигнализација и слично, што на поинаков начин не би можеле да се финансираат.

Од претходната фаза на овој закон во општите начела, во оваа последна фаза испуштени се правата и обврските за одржување на градежното земјиште. Тоа сега особено треба да биее обврска на субјектите кои што стопанисуваат со објектите на комуналната инфрасзруктура, за што граѓаните и онака плаќаат низ цената на комуналните услуги.

Ова е многу важен закон за дражавата, општините и граѓаните, да биде што поодреден, јас направив напор низ неколку амандмани да придонесам за конечното оформување на Законот за градежното земјиште. Ќе ми простите сега иако не е амандманска расправа, ќе ги кажам моите предлози, а после ако има потреба ќе образложам понашироко неколку членови од Законот, мојата амандманска интервенција е во поглед на дообрајаснување на предложените решенија. Додека во членовите 31, 40, 55, амандманската интервенција е градежното земјиште што ќе го земат општините од Републиката подолгорочен односно краткорочен закуп, односно она земјиште што го имаат добиено општините со делбениот биланс, користењето да биде без надоместок. Додека во членот 43 предлагам да се додадава два нови става што се однесуваат на тоа кој во чија корист и за чија сметка ќе врши експропријација на земјиште, згради и други недвижности, заради изградба на објекти на инфраструктурата, предвидени со Програмата за уредување на земјиште што ја носи општината.

Во членот 46, иако навидум се менува целосно, во суштина се работи за додаваше на три нови ставови со што се решава прашањето кога градежното земјиште ќе се доуредува, потоа прашањето за учесниците во доуредувањето на градежното земјиште, како и односот на општината и инвеститорите. Со додавање нов член 47-а предлагам да се нагласи прашањето на одржување на објектите на инфраструктурата што треба да го вршата сујбјектите кои стопанисуваат со тие објекти, она што претходно го кажував, бидејќи сега градската рента нема да се собира, меѓутоа обврска би била на претпријатијата што стопанисуваат *со* објектите на комуналната инфраструктура истите да ги одржуваат. Со додавање нов ств на членот 62, се определува дел од средствата што ќе се остваруваат со плаќање на надомест за трансформација на градежното земјиште да им припаѓа на општините а тоа е оној дел од надоместокот што се определува во зависност од опременоста на земјиштето со примарна и секундарна инфраструктура. Тоа има логика бидејќи таа инфраструктура ја финансираат општините, а со тоа се зголемува и вредноста на градежното земјиште, при трансфомацијата, ќе се зголеми цената на трансформацијата.Ценам дека предложените амандмани од Законот за градежно земјиште се од интерес на државата, општините и граѓаните, па очекувам, особено од претставникот на Владата господинот министер и од вас почитувани колеги пратеници да бидат прифатени. Изразувам подготвеност да дадам пошироко образложение и ви благодарам на вниманието.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Благодариме на господинот Настески.

Збор побара господинот Александар Гештаковски.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Господине потпретседателе, претставник на Владата мини-тре, сметам дека и во претходната расправа што ја водевме во овој Парламент констатиравме дека Законот за градежно земјиште е еден од најбитните закони, кои закони сигурно треба да предизвикаат еден цел инвестиционен циклус, пред се или промени како и во политичкиот така и во економскиот дел на Република Македонија и закон што требаше многу порано да се донесе. Тоа е пред се закон што ја

гарантира сопственоста на градежното земјиште,што е најважно веќе од донесувањето на овој закон имаме слободен промет на градежното земјиште по единствен услов согласно Уставот на Република Македонија.

Затоа нема никаква дилема, би сакал и во оваа можност да истакнам дека нема никаква дилема околу донесување на овој закон и таа потреба е утврдена од страна на овој Парламент. Морам да искажам дека и предлагачот надлежното министерство и Владата постапило по оние наши забелешки, на колегите пратеници што беа укажување во делот на еден многу важен и многу битен дел. Затоа што ние сега правиме целосно трансформирање од таканареченото трајно користење, за граѓаните на Република Македонија да биде појасно дека тие сметаат оти трајното користење е идентично со сопственоста. Но, во никој случај тоа не се остваруваше бидејќи главниот елемент, градежното земјиште ниту можеше да се купува, ниту можеше да се продава и голем дел граѓани на Република Македонија се со нерасчистени имотно правни односи. Особено сите оние кои имаме дали индивидуални куќи, станови, сега можеме да видиме во геодетските управи, не се ни спроведени. Значи, постои еден целосен дел на трансформација и тоа овој закон го има. Што значи ние укажуваме о во овој закон треба да го упростиме, крајно да го упростиме процесот на трансфомирање од крајното користење во сопственоста и да ги ослободиме сите оние параметри што значат слободен промет на градежното земјиште, да ги стимулираме како домашните инвеститори, така и странските инвеститори а во тој дел да го избегнеме досегашното изигрување на граѓаните преку разни форми, форми што ги дозволуваше досегашниот закон за градежно земјиште, меѓусебни договори во овој правец, во овој правен систем во Република Македонија беа доста. Самиот закон ги тераше граѓаните да го изигруваат. Тоа се заедничките градби, тоа се предимствените права, градење објекти до темел, па преку судови или најчесто граѓаните ги теравме да одат да издаваат потврди дека се болни, дека неможат да градат понатаму па судот да ги завери тие договори. Сметам дека во тој дел нема никаква дилема дек Законот ќе предизвика целосни измени како во политичкиот така и во економскиот дел. Има одредени дилеми од страна на Министерството. Министерот ги кажа и треба да ги истакнеме, а тоа е, господине потпретседателе, особено на пратениците од ВМРО не им се интересни некои теми што се од интерес за граѓаните, па ве молам да се сослушаме.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Почитувани колеги, ве замолувам да го сослушаме колегата Александар Гештаковски.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ**

Од ВМРО потенцирам бидејќи колку што слушам од таму доаѓа и неможам да зборувам. Затоа би ве молел?!

Овој закон во извесен период, од првата фаза кога беше разгледан вон овој Парламент, имаше еден период на доцнење, а мислам дека и претставникот на Владата го истакна тоа, бидејќи претходно требаше да се донесе Законот за сопственички односи, многу битен закон, што реши едно многу битно прашање, важно во правниот систем на секоја држава во светот, дали странските државјани можат да имаат право на сосптвеност на градежно земјиште.

Мислам дека решението што е претходно решено во претходниот закон и затоа Законот за градежно земјиште го гледаме со задоцнување од година дена е добро решение, со тоа што странските граѓани правни и физички во Република Македонија не можат да имаат сопственост на градежно земјиште, по однос на доделување, по однос на наддавање, по однос на концесии. Но добро е, и министерот кажа, доколку странец или странско правно лице, купи врз основа на недвижност, или по однос на приватизација, или по однос на продажба на државен капитал, тогаш врз основа на недвижноста стекнува и право на сопственост. Тоа е многу битни работи што во овој закон и во претходниот закон се добро решени, бидејќи крајната цел е во макроекономската политика е да го повлечеме странскиот капитал и да имаме определена сигурност. Тоа се институтите што ги нуди овој закон. Што значи многу битна фаза е начинот на трансформирање. Ние мораме да кажеме дека сите граѓани во Република Македонија кои поседуваат индивидуални станбени згради, колективни врз основа на овој закон треба во Министерството за транспорт и врски во рок од 10 години да поднесат барање за трансформирање и тука има едно решение што мислам дека овој закон и во понатамошниот дел од страна на Владата и надлежносто министерство треба да го решиме во најадекватен дел во корист на граѓаните.

Одредени граѓани во Република Македонија треба да донесат доказ дека го

платиле доделувањето на градежното земјиште. Тоа е дали е платено градежното земјиште за да се трансформира во сопственост или не е платено. Во една постапка во која Министерството треба да искаже крајна ажурност, рокот на поднесување на барањата е десет години. Тоа не е облигаторно, може да трае. Меѓутоа, сигурно треба да најдеме начин да го стимулираме тој дел, да ги стимулираме граѓаните инаку на ваков однос, граѓанин кој ке треба да направи одредена купопродажба, поклон, наследство, сигурно не ќе може да ги оствари тие права или работи, врз основа на сите злони во оваа сфера, доколку не го трансформира градежното земјиште од трајно користење во сопственост. Тоа е по присила на закон и тука се поставува прашањето на надоместокот што граѓаните, кои немаат доказ дека го платиле земјиштето, што често во правната пракса во Република Македонија различно беше толкувано во однос на она претходно зборував како се стекнува правото на градежно земјиште, различни општини, бидејќи различни општини, бидејќи порано доделувањето на градежното земјиште беше во надлежност на извршните совети на општините кога тие беа ОПЗ. Надоместокот за трансформирање на градежното земјиште сметам дека треба да биде прикладен врз основа на економската моќ на граѓаните. Бидејќи дали преку онаа ние што го викаме комуналии за уредување, тие го платиле тоа земјиште. Сигурно има некој амандмани во тој дел од колегите, треба да ги допрецизираме. Исто има и еден амандман од колегата Чедо Кралевски, што навлегува во едно многу битно прашање, тоа е предимственото право. Бидејќи во поранешните закони често се користеше предимствено прав на користење на градежно земјиште за изградба на станбени и индивидуални станбени згради другото се депоседираше, односно го земаше дражвата.

Значи, основното решение е ние да имаме сега слободен промет на градежно земјиште. Другиот елемент што е битен, тоа што го спомнав за странските правни и, физички лица, тоа е трајниот закуп што траен закуп се дава на ее години и интересно и добро е решението што е применето, особено во англосаксонските земји, судбината на земјиштето, после истекот од ее години, иако изгледа долго, тоа еден ден ќе стаса, секоја недвижност ја слоди судбината на градежното земјиште. Сметам дека тој дел во однос на решенијата што ги нуди Законот градежното земјиште мора да биде во сопотвеност на Република Македонија. Иако во теоријата одредени теоретичари сметаат дека сопственоста на градежното земјиште треба да се пренесе на општината. Сметам дека решението со кое државата му го пренесува во траен закуп на општините е добро решение. Сега е тука прашањето, има одреден амаднман, дали тоа ќе биде со надоместок или без надоместок. Сигурно ќе биде без надоместок и општината, врз основа на своите уставни надлежности ќе располага со земјиштето што е во траен закуп за реализацијата на просторните и урбанистичките планови.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:** (Продолжение)

Исто така, и одредбите на овој Закон кои се однесуваат на концесии мислам дека добро се решени и треба да се подржат, бидејки Република Македонија , таа може да ги доделува концесиите и Република Македонија мора да води грижа како една целна, бидејки во Република Македрнија третман на градежно земјиште согласно на овој Закон го има целокупното земјите кое е опфатено со просторните планови , со генералните планови и со деталните планови. Што значи да имаме еден режим на огромни површини на земјиште во РМ за разлика од другиот режим кој има третман на земјоделско земјиште што е многу различит. И досегашниот дел по однос на овие два вида на земјиште класицифирано меѓу земјоделско и градежно веќе го приближуваме во прометот, но државниот интерес и со овој Закон мислам дека е добро што се задржува. Се задржува законот за јавниот интерес на државата, тоа е за објекти од јавен интерес, како што се железнички пруги и слично. Предлагачот навлегол во делот и мислам колегата Настевски зборуваше за тој дел, особено за делот на уредувањето на градежното земјиште што е во надлежност на општините и така наречена градска рента која е огромен приход во функционирањето на единиците на локалната самоуправа во општините и Градот Скопје. Во овој Закон не го уредува тој начин . Сметам дека и претставникот на Владата ќе го објасни тој дел. Сигурно со други закони во делот на , како градска рента, како давачка за функционирање на единиците на локалната самоуправа, во овој систем на изворни приходи е еден од најбитните услови што можат да ги подобрат условите општините. Други извори на приходи општините немаат. Во одреден дел на

општини овие средства ги прибираат управите за приходи што не е логично и на општините им бараат надоместок , во некои единици на локалната самоуправа во Градот Скопје мислам беше преку ПУИГ, па сега е целосно во градот Скопје. Институтот градска рента, или користење на градежно изградено , или неизградено земјиште и понатаму треба да опстојува за стварање на услови на граѓаните, на инфраструктурата.

Во делот на спроведувањето и на многу битниот дел , она што сакам да го искажам, тоа е како овој закон ќе се спроведува. Бидејки со овој закон на граѓаните треба да им стане јасно дека имаат право своето земјиште од трајно користење да го направат во сопственост. Затоа има одредени недоречености. И на матичните комисии јас врз основа на моите сознанија се обидов да и укажам на Владата ,особено во делот на завршните одредби. Додека делот на градежно земјиште е добро решено, се однесува на огромен број на нерешени случаи, земјиште кое гласи на други луѓе, а го користат граѓаните. Тоа е на неизградено земјиште , а сега е најважниот дел на дивоградбите. Овој закон нуди одредени решенија и за решавање на дивоградбите од аспект на градежно земјиште, бидејки знаеме во секој град колку има дивоградби. Една од пречките за неможност за легализирање беше и Законот за градежно земјиште, бидејки за да ја отпочнеш постапката за легализација треба да имаш доказ за сопственост . Граѓаните го немаа тој доказ за сопственост и врз основа на сопственоста, односно трајно користење на други граѓани, тие градеа објекти, бидејки не можеше да се изврши промет, бидејки имаше третман на градежно земјиште, а одредени граѓани го остварија тоа право , бидејки градеа на земјоделско земјиште, ќе го испарцелизираа, ќе го купеа и ќе градеа. Мислам дека проблемот со Законот за градежно земјиште , додека за неизградeното градежно земјиште е добро решено., иако тоа морам да го укажам, граѓаните тука имаат одредена правна празнина , нема да го почитуваат делот на законот, бидејки другиот дел што овозможува институтот слободен промет, тој е поедноставен. Нема тие да одат да укажуваат дека 20 години го користеле, дека плаќале 10 години надоместок за тоа земјиште. Од друга страна има слободен промет, ќе се плати 3% данок на промет и слободно ќе се пренесе. Тоа беше укажано на Министерството, но гледам дека го задржува. Сметам дека не е добро решено, бидејки врз основа на стекнување на сопственост веќе настапуваат елементите на просторните, урбанистичките, односно деталните планови. Дали се вклопува одреден објект , но доколку се вклопува, ние ги префрлуваме сега на вклопување во однос на Законот за просторно и урбанистичко планирање што тука надлежното министерство во делот на комуналиите, давачките за уредување, мора да има флексибилна улога. Создаваме услови за сопственост и онаму каде што може врз основа на деталните урбанистички планови да им овозможиме на граѓаните да ги вклопат тие и да станат легални сопственици за да можат понатаму да ги развиваат сите елементи што ги носи сопственоста. Бидејки покрај прометот, сопственоста носи други многу битни елементи: ставање на хипотеки, добивање на кредити и развој на мало стопанство. Затоа се овие забелешки кои беа укажани, но во голем дел се за надградување и спроведување на овој закон. Од страна на Министерството не гледам некои помакнувања , или објаснувања. Барем објаснувањата кои беа дадени на Законодавно-правната комисија мене не ми беа доволни. Сметам дека тука би требало да направиме уште нешто, одреден чекор кој сметам дека ќе овозможи целосно реализирање на највиталните интереси на граѓаните. Има објект пред 20, 30, 40 години , ниту беше сопственик на земјиштето, ниту му беше легализиран. Сега правиме голем чекор напред. Мислам дека треба да го подржиме овој закон и од страна на Министерството да се преземат сите чекори, во еден период да се стимулираат оние мерки што ги презема Владата, мислам на граѓаните треба да им се објаснат. Во овој елемент, во овој Закон треба да имаме објаснувачко дејство, дали ќе биде на популистички начин како другите закони, плаќање на даноци и слично, Министерството за транспорт и врски сметам дека треба да им го направи достапен на граѓаните за да сватат за што се работи и надоместокот да биде крајно симболичен, бидејки граѓаните го платиле градежндто земјиште, да биде симболичен заради трошоците и во одредена смисла , а државата не да заработи, бидеки одредени пресметки зборуваат дека се работи за огромни пворшини, дека државата ќе заработи големи пари на она што било сопственост и што го платиле граѓаните.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

За збор се јави пратеникот Илија Лазаров

**ИЛИЈА ЛАЗАРОВ:**

Почитуван потпретседател, почитуван министер, колеги пратеници.господинот Гештаковски да не се грижи за пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ за тоа колку е таа загрижена за граѓаните. Тоа го покажува ВМРО-ДПМНЕ низ седниците , со присуството на седниците. Социјал демократите дури и сега немаат пвоеќе од 10 до 12 присутни пратеници на Парламентот, а дали во 5 до 10% во донесените закони досега учествувале во расправите и во донесувањето. А нивната загриженост ја покажаа и низ минатите 10 години преку "ТАТ", преку "Македонија табак", преку "Стопанска банка" и преку многу други такви афери кои што вкупно чинат повеќе од една милијарда марки. Сепак, нека гледаат тие да се загрижат малку повеќе вистински за граѓаните, а нека ја остават ВМРО-ДПМНЕ да работи така како што знае. А дали ќе го слуша , или не господинот Гештаковски , зависи дали ќе ни се допадне неговата приказна.

Инаку го поздравувам донесувањето на овој закон и сметам дека тоа требало да се направи многу одамна , затоа што многу купопродажни договори кои стојат во фиоките на адвокатите, на нотарите, а кои што немаат судска разрешница, тоа ќе се направи сега. И мислам дека ова ќе биде добар прилив на средства во Буџетот на Македонија. Верувам дека министерот Балковски ќе има и слух добар дел од амандманите кои што се поднесени, кои што држат место да ги прифати за подобрување на квалитетот на овој законски проект. Мислам дека граѓаните на Република Макеоднија ќе можат да здивнат, бидејки на она кое што досега го поседувале фиктивно , сега ќе можат да имаат и документ дека тоа е во нивна сопственост и ќе можат да располагаат со тој имот кој што го платиле којзнае кога, некои можеби и пред 10 и повеќе години.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Почитувани колеги пратеници, сакам да ве опоменам, бидејки станува збор за законски проекти кои што се предложени од коалиционата Влада и кои што се од витално значење за одредени аспекти штоја регулираат проблематиката, да се задржиме на дневниот ред и да ги оставиме меѓу партиските препирки.

За збор се јави г-динот Томислав Стојанвоски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Почитувани колеги, имам намера да изразам посебно задоволство што овој законски проект денеска е на дневен ред и по него треба да расправаме. Уверен сум дека со овој закон прв пат ќе влеземе во трансформација на општеството од административно во пазарно, економско оптество. Зошто го велам ова? Кога се создаде институтот градежно национализирано земјиште беше последица на политичка одлука во далечната 1957 година и се донесе на 27 ноември 1957 година.Отогаш наваму преживуваше многу трансформации во поглед што повеќе да се ограничи правото на сопственост. Дали тоа било исправно, или не , да го оставиме како право на историјата, како право на настан и како право за расправање. Прв пат еден ограничен промет кој во светот има посебно значење и од економска и од естетска улога градежниот дел на земјиштата каде се создаваат центри за живеење, се дотеруваат услови за живеење, меѓутоа овој закон што досега беше на снага донесе баш растројство на тој систем. Таму се купуваа слободни простори на диво, се правеа таканаречени дивоградби кои ниту имаа културно, ниту економско, ниту социјално , ниту било какво значење, или смисла за живеење. Затоа сега со овој закон ќе се даде слобода да може слободно да се тргува со ова земјиште како со било која друга стока. Понатаму, се дава можност ова земјиште да биде што повеќе во промет, да се менуваат сопствениците, да се менуваат корисниците и слично на тоа што значи дека ќе има и економско фискален значај. Досега имавме промет кој преставуваше само товар на општеството. Се создаваа диви населби без комуналии, без ништо, меѓутоа потребата на човекот за живеење, основните потреби се водата, одвод, довод, електрична струја и други комунални погодности општеството мораше да ги инвестира, да ги создава присилено без да може да има контрола на таа работа, а контрола се чини преку зафаќање од данок на промет во моментот на преносот, односно продажбата. Во овој случај сега имаме можност секој да учествува . И сметам дека се постигна целта на Уставот од член 55 , сите субјекти на пазарот се еднакви. Меѓутоа, гледам

заговарање да се бараат некакви бесплатни , трајни користења. Сега се менува формата на национализација и доаѓа право на бесплатно користење. Дали сега ќе ни се јави нова форма на национализација. Законот има за цел да се добие промет , да се добие слободно движење, да може секој, па и општната и другите и физички и правни лица да имаат еднакво значење на пазарот. Како ќе го запазиме член 55 ако на општините им дадеме бесплатно право на користење. Тие пак ќе бидат нееднакви , ќе можат него да го преотстапуваат , да го користат надвор од другите инвеститори, надвор од другите носители на право на сопственост и користење. Затоа сметам дека не треба ова да се прифати како идеа, а не како решение.

Понатаму, дали ќе треба сега со овој закон да решаваме дивоградба, или не.? Урбанизацијата и правата на дивоградба не се исто. Право на диваградба е право на одлука на поединец, а урбанизацја е општествен интерес. Државата како држава создава услови за сите, не за еден. И затоа е исправно некој да се вклопи , по правило, секој треба да најде место да се вклопи во средината, а не средината да се вклопи спрема него. И во овој случај оние што нема да бидат вклопени по урбанистичкиот план, веројатно ќе треба да следи некое административно решение. Веројатно, сега ќе имам непријатност од оние кои што имаат такво сваќање, дека еве, ова не е убава работа. Кажувам само едно , тој човек не се вклопува во средината во која живее, а не средината да се вклопи спрема него. Дали тој прашал некого.? Ќе направи дивоградба, што ќе биде со другите? Не. Дали прашал, дали ќе ограничи туѓо право, не. Дали ќе има пречка во располагање со тој , не прашал. Значи, сам одлучил се и сега кога ќе наиде на неприфаќање,тогаш за него општеството е противник. Ваквите заговарања и осмелувања дали тоа ќе има политички маркетинг или не . Овде е во прашање примена на право на еднаквост. Законитоста не познава привилегии, законитоста признава еднаквост на сите кои се на пазарот. И затоа плаќањето по таканаречена бенифицирана , ублажена форма на данок на промет да се цени малку, бидејки тие луѓе платиле на некој. Ова го упатувам сега спрема г-динот Гештаковски, а на тие луѓе на кои што им е земено такво земјиште, па не им е платено ништо, ќе добијат обврзници некој да плаќа данок на промет по пониска цена.Дали имаме тука рамноправност и чувство на одговорност спрема лицата на кои им е одземен овој имот? Не. Затоа апелирам да се запази пазарната економија, да се земе вредноста на земјиштето во моментот на негов пренос, а тоа е во моментот кога граѓанинот ќе се појави да бара промена на спственсот, односно да си го завери договорот за купопродажба. Јас подразбирам овде не признавање на такви работи , туку можност секој да си купи, односно да се здобие со основ за сопственост и понатаму за располагање со таа сопственост. Користејки ги правата од член 30 да има права и обврски и никој да не може да му ги ограничи. Затоа го поздравувам донесувањето на овој закон и не делам мислење дека Министерството треба да се грижи за негова примена. Овој закон преминува во друга свера, преоѓа во сфера на сопственсот, во сфера на правдата, во сфера на судската надлежност, во сфера на нотарскиот момент и таму не може да се повикува Министерството во слободниот промет. што ќе биде со тие кои треба да добијат бесплатно, тоа е на Министерството. Зарем треба сега бесплатноста да ја форсираме и да даваме упатства од овде на Министерството дека треба да има цел да дава без пари имовина. Не. Она што е без пари , не се ни чува, и лесно се троши. Затоа сакаме да имаме цврст домаќин кој ќе ја почитува и ќе си ја брани сопственоста. Со тоа ќе почитува и ќе брани туѓи права, туѓи интереси и туѓа сопственост.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:** (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Во примената на овој закон во основа ќе биде вклучена Управата за приходи. Се согласувам со господинот Александар Гештаковски тоа да не биде лов на вештерки, во смисла тоа ќе биде масовна појава, па удри колку можеш. Го повикувам на помош главниот економски инструмент, состојба на пазарот, како се врши промет, а тоа ќе го направат овие органи, односно комисиите за проценка во еден поразумен период, да не биде во роко од еден месец, два или три, нека биде во рок од две или три години како одел прометот на имотот во тој дел за недвижности, тогаш ќе се види и на кој начин се доаѓало до вредноста кога куќите се пренесувале, заедно со правото за користење на земјиштето. Секогаш во проценките Комисијата говори дека градежниот дел чини толку и правото на

користење на земјиштето чини толку. Значи имало вредност и пазарен инструмент, со што *ќе* се добие процент кој може да биде поголем или помал во коирст или штета на корисниците.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

За реплика се јави господинот Александар Гештаковски.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Колегата Стојановски повеќе пати ме прозиваше во тој дел, но незнам што ме критикуваше, бидејќи имаме слично или исто мислење во однос на она што го пишува во Законот. Јас тврдам што пишува во Законот, дали го има прочитано господинот Стојановски незнам. Пред се за министерството, Главата "Трансформација на правото за користење на градежно земјиште", член 48 и член 4е, кога Република Македонија во голем дел и изградена, точно имаме за градба, се што е градено од 1945 година наваму треба да се трансформира. Таму вели дека корисниците на градежно земјиште по основ на поранешна сопственост, правото на користење се трансформира во право на сопственост, со поднесување на барање од корисникот, а по барањето Министерството за транспорт и врски донесува решение за трансформација. Надлежно е тоа министерство, не се работи за слободниот промет. Точно е за слободниот промет дека си оди кај нотар, се прави проценка.

Кога сме кај проценката, сакам да му кажам на господинот Томислав Стојановски кој е долгогодишен, градежното земјиште господине Стојановски без оглед дали е во Куманово, Скопје, Ресен или во некое село има приближно иста цена. Бидејќи тоа се трансформира од земјоделско земјиште во градежно, тоа е така. Секаде во светот инфраструктурата која ја дава државата, дали минува автопат, дали се гради на Водно каде што имаме по илјада марки квадрат, тоа е врз основа на инфраструктура, врз основа на степенот, врз основа на елитноста во одреден дел што дава државата. Што значи најголемите шпекулации во светот се со прометот, односно со недвижностите и во однос на оние недвижности, што велат особено за градежното земјиште. Значи приближната цена како земјиште секаде е иста. Во однос на инфраструктурата, во овој дел што зборуваме сега за трансформацијата и за промет, ние не зборуваме за данокот на промет. Овој закон не навлегува во тој дел. Незнам во кој дел вие велевте дека во цената во делот на управата за приходи, дали ќе го цени врз основа на опременост или врз основа на зона, врз основа на зона на стварен промет, колку има пазарна вредност, но тоа е друга работа. Данокот на промет на градежно земјиште не навлегува во тој закон. Тоа ние сме го пропишале, тој изнесува 3%. Беше 20% каде што немаше промет без оглед дали е изградено или не е изградено земјиште. Ние не навлегуваме во тој дел, тоа си е пазарно. Слободно ќе одат странките ќе го пријават тој промет, а Управата за приходи е задолжена да цени и да му поднесе кривична пријава ако некој изигрува. Сакам да му кажам дека градежното земјиште секаде во светот, особено и низ оној дел од другото законодавство, многу е битно дали некој ќе знае каде ќе оди согласно тој просторен план железничка пруга, автопат, мотели и така одат тие работи. Тоа се шпекулациите со градежното земјиште кои се најважни секаде во светот. Најважни се. Затоа цената е таква, купува земјиште за еден цент, за две години, пет или 10 години добива 100,200 или 500 до-лари цена. Тоа се други прашања, за кои државата треба да води грижа. Во другиот дел никаде не се разликуваме во однос на тоа што ме повикувавте три-четири пати.

Го поддржуваме законот.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

За реплика се јавува господинот Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Веројатно имаме несогласување во читањето на одредена одредба. Поранешни сопственици никогаш не биле масовно носители на дивоградби. Се крчмело местото и купувале многу луѓе и сега тие имаат интерес да се вклопат односно да добијат основ за сопственост на тоа градежно земјиште, а не поранешниот сопственик. Поранешните сопственици во таа дива градба учествуваат со 0,0001%, другите проценти се на индивидуални граѓани. Во тоа е разликата меѓу мене што сваќам дека Министерството за урбанизам таква работа не може да спроведува, затоа што не е негова надлежност, тој не е поранешен сопственик. Тој е корисник само на диво право. Разидувањето меѓу мене и Гештаковски е само поимно што подразбира тој под поимот поранешен сопственик, а што подразбирам јас. Јас правам дистинкција, поранешниот сопственик ќе добие право на плаќање ако не го наплатил или ако се вклопи вклопи, ако не не, да му се признае преку Министерството. Меѓутоа, другото што е масовно, масовната појава што се доселија луѓе од друга страна па купувале земјиште сега на нив е многу попотребно да дојдат до

право на сопственост на земјиштето и тоа не е во надлежност на Министерството. Тоа е во надлежност на правдата, во надлежност на нотаријатот. Затоа сакам да немаме разидување. Значи само поимот поранешен сопственик сме го поидентификувале со две личности, поранешен сопственик и корисник на земјиште.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Збор побара господинот Тито Петковски.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господине потпретседател, почитувани колеги пратеници, господине министер, пред се би сакал да кажам дека малку како пратеници сме хендикепирани во расправата по овој закон не од аспект на квалитетот на понудениот материјал, туку пред се заради вкупната состојба во државата кога верувам во една друга ситуација кога не би се соочиле со вака влошена безбедносна вкупна состојба во државата, кога ни гинат луѓе, фокусот на интересот на пратениците би бил токму на овој закон кој што е еден од реформските и кој што проектира многу значајни прашања од животно значење за граѓаните во местото на живеењето. Но што е тука е, животот мора да тече и мислам дека овој закон заслужува наше големо внимание. Веднаш да кажам на почетокот дека законот заслужува поддршка, бидејќи е еден од пакетот на реформските закони кој што внесува нова содржина во вкупното земјишна политика, но пред се и во сопственичко правните односи, што досега не беше третирано на еден современ начин. Значи веднаш на почетокот да кажам дека јас ја давам својата поддршка на овој закон. Второ, би сакал да го замолам министерот, ако чувствува за потребно да го каже своето мислење по ставовите на Советот на град Скопје, ако на крајот земете збор по овие прашања што беа покренати во расправата, затоа што тие ја заслужуваат мојата поддршка, а би сакал да ве слушнам и вас, дали вие сметате дека се добри, бидејќи сметам дека кореспондираат со реформските процеси кои се во сферата на локалната самоуправа, бидејќи од истата Влада веќе циркулира Законот за локалната самоуправа и мислам дека тие треб ада се усогласат, особено што тенденциите во сферата на локалната самоуправа одат во насока на понагласени функции на единиците на локалната самоуправа, па и во сферата на располагање *со* управувањето и сопственост на градежното земјиште. Токму во оваа сфера, бидејќи задира во прашањата кои се од иманентно значење на луѓето во местата на живеешето, лично мислам а и став е на Градскиот совет дека треба да имаат единиците на локалната самоуправа понагласени функции во сферата на градежното земјиште. Од тој аспект, не би сакал да ги парафразирам или да ги прикажувам како свои ставови, само сакам да кажам дека ги поддржувам и би било добро да го слушнеме мислењето на министерот.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Можам да констатирам дека во салата се намали бројот на пратениците. Ги замолувам пратениците што се во фоајето да се вратат во салата каде што се работи.

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно-правната комисија поднесе амандмани на член 6, член 8 став 2, член 11 став 2 и 4, член 13 став 5, член 22 став 2, член 36 став 2, член 37 за преформулирање на став 1,на член 4 0 став 3,4 и 5, член 42 став 4 и член 45 став 2, член 46 став 4, член 50 став 1, член 51 став 1, член 52 став 3 и член 57 став 2, член 53 за бришење на став 3, член 55, член 56 став 1, член 60 став 2, член 63 став 1 и на став 1 алинеја 2, член 64 став 1, член 65 став 2 и 3, член 68 став 1 и на член 80, со кои се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот. Пратеникот Чедомир Краљевски поднесе амандман на член 6е став 2, по кој Владата не се произнела. Пратеникот Кирил Настевски поднесе амандмани на член 8 став 2, член 13 став 4, член 31 став 2, член 40 став 4, член 42 став 1,2 и 3, член 43 став 4 и за додавање два нови става 7 и 8, член 44, член 45 став 1, алинеја 10 за менување на член 46, за додавање нов член 47-а по членот 47, член 55, член 62 за додавање нов став 2 по ставот 1, член 67 став 2, член 68 за менување на став 1 и на член 72, по кои Владата не се произнела. Пратеникот Коце Трајановски поднесе амандман на член 67 став 1, по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 8 став 2, поднесен од пратеникот Кирил Настевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЉУПЧО БАЛКОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Благодарам.

Ги молам пратениците кои се наоѓаат во фоајето на салата, затоа што ќе се пристапи и кон гласање по некои амандмани за кои ќе нема согласност од Владата.

Ве замолувам да продолжиме со работа.

Отворам претрес по амандманот на член 13 став 2, поднесен од пратеникот Кирил Настевски.

Го моалм претставникот на Владата да се произнесе.

**ЉУПЧО БАЛКОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на член 31 став 2, поднесен од пратеникот Кирил Настевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЉУПЧО БАЛКОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на член 40 став 4, поднесен од пратеникот Кирил Настевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЉУПЧО БАЛКОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

За збор се јави господинот Кирил Настевски.

**КИРИЛ НАСТЕВСКИ:**

Сакам да интервенирам во оваа амандманска расправа, односно до министеот во врска со членовите на овој закон каде што општината треба од Републиката да земе земјиште под долгорочен или краткорочен закуп. Не е дефинирано дали општината тоа земјиште ќе го зема без надомест или со надомест. Бидејќи е дефинирано како и секој друг закуп тоа претпоставува дека тука би имало проблеми, односно општината за нејзиното земјиште кое се наоѓа во градежните реони на градовите и населените места произлегува дека би постоела можност, ако сака да го уредува земјиштето, треба да плаќа надомест, односно да склучи договор со држа-вата за да изгради улица. Значи има право да го уредува градежното земјиште, а истото тоа треба да го земе под закуп од државата. Тоа нема некаква логика и мислам дека е во корист сега да ги расчистиме тие работи и да се каже официјално дека земјиштето во населените места, односно градежното земјиште од кое што ќе има потреба општината за да го уредува треба да го земе под закуп но без надомест. Инаку ќе има определени проблеми по спроведувањето на тие членови. Прашање е дали сега државата или Министерството ќе му го даде тоа земјиште, па нема да му го даде, па ќе видиме, па да се плаќа. А инаку држи место да се води некаква евиденција, да се склучи договор за долгорочен закуп, но треба навистина да биде без надомест. Нема логика за своето земјиште  внимавајте, ова земјиште во градовите и населените места било на општините, државата го зема, со прописите сега повторно го зема државата, станува државно, во ред е, рековме дека се вклпуваме некако во европското законодавство за сопственоста, но сега се може општината да плаќа надомест на државата за нејзиното земјиште практично, како што пишуваше и во весниците да биде криајџија на сопственото земјиште. Затоа инсистирам и барам еве и пратениците да поддржат, а во натамошната расправа за слични такви амандмани инсистирам министерот да ги прифати.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, закалучувам претресот по амандманот.

Бидејќи ќе треба да гласаме за овој амандман, а во салата немаме доволно пратеници, јас ги замолувам колегите да влезат во салата за да пристапиме кон гласање по амандманот. Почитувани колеги пратеници, бидејќи во моментот немаме кворум за да продолжиме со работа, предлагам да направиме пауза за ручек до 15,00 часот, па потоа да се собереме и да продолжиме со работа.

(Пауза од 14,20 часот.).

(По паузата седницата започна со работа во 15,30 часот)

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Почитувани колеги пратеници, мислам дека во овој момент се создадоа услови да продолжиме со работа. Требаше да продолжиме со гласање по амандманот на член 40 став 1, предложен од пратеникот Кирил Настески.

Бидејќи никој не бараше збор, претресот по амандманот беше заклучен.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Од 62 присутни пратеници, "за" гласале 24, "воздржани"

пратеници се 10, "против" 28.

Констатирам дека амандманот е усвоен.

Отворам претрес по амандманот на член 42 став 1, 2 и 3, поднесен од пратеникот Кирил Настески.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЉУПЧО БАЛКОСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 43 став 4 и за додавање два нови става 7 и 8, поднесен од пратеникот Кирил Настески.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЉУПЧО БАЛКОСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ЉУПЧО БАЛКОСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 55, поднесен од пратеникот Кирил Настески.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЉУПЧО БАЛКОСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

**КИРИЛ НАСТЕСКИ:**

Сакам да нагласам Дека овој амандман се однесува на склучување на договор за земјиште кое е доделено по пат на делбен биланс на општините. Значи, произлегува дека претходно Владата на општините им додели згради и земјиште кое припаѓа на тие згради, на општините. Сега, овој амандман ако не Се прифати, тогаш Ќе произлезе дека за земјиштетот што со Делбениот биланс и припадна на општината, општината треба да склучи договор со државата, а прашањето за надоместокот не е решен. Значи, сигурно би плаќал надоместок.

Нема логика кога државата ги доделува објектите и земјиштето со делбениот биланс, Сега да се склучуваат договори за дас се реши прашањето за закупот. Според тоа мислам дека овој амандман треба да се прифати.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Очигледно некој од пратениците не гласал.

Ве молам да го повториме гласањето.

Од 65 присутни пратеници, "за" гласале 22, "воздржани" пратеници се 16, "против" 27.

Констатирам дека амандманот не е усвоен.

Отворам претрес по амандманот на член 62 за додавање нов став 1 по ставот 1, поднесен од пратеникот Кирил Настески.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЉУПЧО БАЛКОСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Од 66 присутни пратеници, "за" гласале 22, "воздржани" пратеници се 16, "против" 28.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 62 за додавање нов став 2 по ставот 1, поднесен од пратеникот Кирил Настоски.

Отворам претрес по амандманот на член 67 став 1, поднесен од пратеникот Коце Трајановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЉУПЧО БАЛКОСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 67 став 2, поднесен од пратеникот Кирил Настески.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЉУПЧО БАЛКОСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 68 за менување на став 1, поднесен од пратеникот Кирил Настески.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЉУПЧО БАЛКОСКИ:**

Амандманот не се прифаќа, бидејќи се опфатени во амандманите во ЗПК.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

Има збор пратеникот Кирил Настески.

**КИРИЛ НАСТЕСКИ:**

Амандманот го повлекувам.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 69 став 2, поднесен од пратеникот Чедомир Краљевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЉУПЧО БАЛКОСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 72, поднесен од пратеникот Кирил Настески.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЉУПЧО БАЛКОСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Продолжуваме со претрес по текстот на предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

За збор се јави Кирил Настески.

**КИРИЛ НАСТЕСКИ:**

Незнам службите дали го имаат доставено, има уште еден амандман на членот 16.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Амандманот е пристигнат.

Тој амандман е по Предлог законот за изменување и дополнување на Законот за просторно и урбанистичко планирање.

Дали некој бара збор по текстот на Предлогот на законот?

(Никој)

Бидејќи никјој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Од 66 пратеници 61 гласале "за", "воздржани" 4 и "против" 1.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за градежно земјиште.

За да го искористиме присуството на министерот Балкоски, предлагам да поминеме на точката 33.

Минуваме на точка 33 од дневниот ред - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за просторно и урбанистичко планирање, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

За збор се јави министсерот за транспорт и врски, Љупчо Балкоски.

**ЉУПЧО БАЛКОСКИ:**

Почитувани пратеници,

Со предложените измени и дополнувањето на Законот за просторно и урбанистичко планирање, Се врши усогласување на Законот за просторно и урбанистичко планирање со одредбите на Законот за организација и работата на органите на државната управа. Имено, согласно Законот, надлежностите за просторно планирање се во Министерството за животна средина и просторно планирање, а работните на уредување на просторот се во надлежност на Министерството за транспорт и врски. Според член 70 од Законот, работите на урбанистичкото планирање ги врши Министерството за транспорт и врски, односно Министерството надлежно за уредување на просторот.

Покрај тоа, а како резултат на досегашната примена на одредбите на Законот за просторно и урбанистичко планирање кои ги применвуаат општините и градот Скопје со различен интензитет и квалитет, направени се одредени измени во некои одредби, со цел урбанистичкото планирање поефикасно да биде практицирано од страна на локалната самоуправа. Имено, направени се измени во неколку членови, за да се намали обемот и поедностави содржината на урбанистичките планови, тоа придонесе за поефикасно изработување и презентирање на плановите во рамките на стручната расправа и кавната анкета.

Со предложените измени се врши поедноставување на постапката за стручната расправа и јавната анкета на нацрт плановите, со тоа што урбанистичкиот план нема потреба да се

разгледува од советот на општината и градот Скопје два пати, а измените се предложени како резултат на практиката според која, за да се овозможи два пати организирање седници на советот беа потребни пвоеќе месеци, со што процесот на донесување на плановите беше недоволно ефикасен. Затоа, со предложените измени се поедноставува процесот на донесување на плановите. Исто така се предвидува намалување на надоместокот за финансирање на изработка на плановите, со мотивирање на производните објекти.

Измени има и во распределбата на средствата, од кои 50% се наменуваат за локалната самоуправа, наместо досегашното решение каде сите средства беа приход на буџетот во Републиката. Со тоа се мотивира поефикасно изработување на плановите во општините, според сопствените програми.

Со овие и другите предвидени измени и дополнувања на законот, се прави максимално поедноставување на постапката за донесување и спроведување на урбанистичките планови, а тоа е во функција на поефикасно овозможување на градење на објекти од страна на домашни и странски инвеститори.

Со оглед на карактерот на предложените измени на законот, а кои се во функција на поедноставувањ ена изработувањед и донесување на урбанистичките планови, очекувам дека, како и законот заградежно земјиште, пратениците ќе ги поддржат и овие измени на Законот за просторно и урбанистичко планирање.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Благодарам господине министре.

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара зобр, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за просторно и урбанистичко планирање.

Ве молам да гласаме.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на законот.

Ве молам да гласаме.

Очигледно некој од пратениците не гласал.

Молам да го повториме гласањето уште еднаш.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на закон.

Отворам општ претрес по предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на предлгоот на законот.

ЗПК поднесе амандмани на член 2 став 2, член 3 став 3, член 11 став 2, член 12 став 1 и на член 21 став 6, член 7 став 2, член 8, член е став 1 за менување на воведната реченица и за бришење на воведната реченица во ставот 2. Член 10 став 4, член 16 став 1, за менување на воведната реченица и за бришење на воведната реченица од ставот 2. Член 17 став 2, член 23 став 2, член 25 и на член 26 за менување на ставовите 1 и 2, со кои се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на предлогот на законот. Пратеникот Аслан Селмани поднесе амандмани за додавање нов член 1 пред членот 1. Член 1, за додавање нов член 1 по членот 1, за додавање нов член 1-6 по членот 1, член 2 став 1, член 3 став 2, член 6 став 1 и 2, член е став 1, член 10 за менување на став 2, за додавање нов член 12-а по членот 12 и за менување на членот 20, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Кирил Настески поднесе амандман на член 2 став 1, член 3 став 1 и 2, член 6 за додавање нов став 3 по ставот 2, член 8, член 10 став 1, 3, 4 и 5, член 12 став 1, член 14 став 2, член 18, за менување на член 20, член 21, член 22 и на член 25, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Кирил Настески поднесе амандман за менување на член 16 по кој Владата не се произнела.

**ЗВОНКО МИРЧЕВСКИ:**

Почитувани претставници на Влада, почитувани колеги, известени сме дека пратеникот Аслан Селмани предложените амандмани ги повлекол. Службите ќе ви достават по писмена форма дека пратеникот ги повлекува амандманите,а во меѓувреме одиме со останатите амандмани.

Отворам претрес по амандманот на член 2 став 1 поднесен од пратеникот Кирил Настевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЉУПЧО БАЛКОВСКИ:**

Се прифаќа амандманот.

**ЗВОНКО МИРЧЕВСКИ:**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на член 3 став1 и 2 поднесен од пратеникот Кирил Настевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЉУПЧО БАЛКОВСКИ:**

Се прифаќа амандманот.

**ЗВОНКО МИРЧЕВСКИ:**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на член 6 за додавање новста! 3 по ставот 2 поднесен од пратеникот Кирил Настевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЉУПЧО БАЛКОВСКИ:**

Се прифаќа амандманот, меѓутоа со мала корекција ако доз-воли пратеникот.

**ЗВОНКО МИРЧЕВСКИ:**

Благодарам.

Јас би интервенирал со тоа што не постои можност парцијално амандманот да биде прифатен.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 44, поднесен од пратеникот Кирил Настески.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЉУПЧО БАЛКОСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 45 став 1 алинеја 10, поднесен од пратеникот Кирил Настески.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЉУПЧО БАЛКОСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Отворам претрес по амандманот за менување на член 46, поднесен од пратеникот Кирил Настески. '

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЉУПЧО БАЛКОСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 47-а по членот 47, поднесен од пратеникот Кирил Настески.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЉУПЧО БАЛКОВСКИ:**

Не се прифаќа амандманот.

**ЗВОНКО МИРЧЕВСКИ:**

Го молам подносителот на амандманот во врска со сугестијата на министерот да се произнесе, дали го повлекува амандманот или е подготвен да направи корекција.

**КИРИЛ НАСТЕВСКИ:**

Амандманот не може да се повлече бидејќи се случува следното.

Амандманот гласи:" Во став 2 на овој член се вклучени плановите според прогнозите на општините и градот Скопје". Во членот 6, каде што се врши оваа измена односно каде што се интервенира со овој амандман стои ставот дека Владата донесува програма за изработка на урбанистички планови, меѓутоа, Владата не може да донесува прог-рама за донесување на урбанистички планови ако општините не предложат. Тоа никаде не постои. Општините дека треба да предложат па да донесе програма Валдата. Ке произлезе дека општината и да сака и да не сака Владаа ќе донесе програма и некој ќе работи по таа програма. Затоа мислам дека овој амандман треба дд се прифати од страна на пратениците за каква корекција се работеше, веројатно зборовите "се вклучени плановите според предлозите на општините на Градот Скопје", но сепак тоа се предлози на општините кои што Владата понатаму ќе ги цени дали ќе ги прифати или не. Значи, сепак се предлози и затоа предлагам и барам пратениците да го изгласаат овој амандман.

**ЗВОНКО МИРЧЕВСКИ:**

Молам, дали некој друг бара збор?

За збор се јави министерот, Г-дин Балковски.

**ЉУПЧО БАЛКОВСКИ:**

Амандманот не можеме да го прифатиме, бидејќи програмата на Владата за изработка на урбанистичките планови се формира врз основа на предлозите на општините и градот Скопје, но не мора да бидат вклучени сите предлози, туку тоа ќе зависи од предвидените средства од Буџетот на Републиката, а исто така, според тоа не можат да бидат вклучени сите предлози туку

само оние што се поткрепени прво со финансиски средства и што се навистина реални. Така, да прво треба да се преоцени, па после да видиме кои ќе бидат вклучени а кои не.

**ЗВОНКО МИРЧЕВСКИ:**

Благодарам г-дин министре.

Молам, дали некој друг бара з бор? ( Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Молам, да гласаме.

Од 68 пратеници 20 гласале за, воздржани 18 и против 30.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 8,поднесен од пратеникот Кирил Настевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЉУПЧО БАЛКОВСКИ:**

Се прифаќа амандманот.

**ЗВОНКО МИРЧЕВСКИ:**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на член 10 став 1, 3 и 4 и 5 поднесен од пратеникот Кирил Настевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЉУПЧО БАЛКОВСКИ:**

Се прифаќа амандманот.

**ЗВОНКО МИРЧЕВСКИ:**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на член12 став 1 поднесен од пратеникот Кирил Настевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЉУПЧО БАЛКОВСКИ:**

Се прифаќа амандманот.

**ЗВОНКО МИРЧЕВСКИ:**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на член 14 став 2 поднесен од пратеникот Кирил Настевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЉУПЧО БАЛКОВСКИ:**

Се прифаќа амандманот.

**ЗВОНКО МИРЧЕВСКИ:**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на член 18 поднесен од пратеникот Кирил Настевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЉУПЧО БАЛКОВСКИ:**

Не прифака амандманот.

**ЗВОНКО МИРЧЕВСКИ:**

Благодарам.

Молам, дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Ве м олам да гласаме.

Од 63 пратеника за амандманот гласале 21, воздржани 10 и против 32.

Констатирам дека не го усвои амандманот на член 18 поднесен од пратеникот Кирил Настевски.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 20 подненесен од пратеникот Кирил Настевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЉУПЧО БАЛКОВСКИ:**

Се прифаќа амандманот.

**ЗВОНКО МИРЧЕВСКИ:**

Благодарам.

Отверам претрес по амандманот на член 21 поднесен од пратеникот Кирил Настевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЉУПЧО БАЛКОВСКИ:**

Се прифаќа амандманот.

**ЗВОНКО МИРЧЕВСКИ:**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на член 22 поднесен од пратеникот Кирил Настевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЉУПЧО БАЛКОВСКИ:**

Се прифаќа амандманот.

**ЗВОНКО МИРЧЕВСКИ:**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на член 25,поднесен од пратеникот Кирил Настевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЉУПЧО БАЛКОВСКИ:**

Не се прифаќа амандманот.

**ЗВОНКО МИРЧЕВСКИ:**

Благодарам.

Молам, дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидјеќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Од вкупно 67 пратеника за амандманот гласале 24 воздржани 16 и против 27.

Констатирам дека Собраниеот не го усвои амандманот на член 25 поднесен од пратеникот Кирил Настевски.

За менување отворам претрес по амандманот на член 16 поднесен од пратеникот Кирил Настевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЉУПЧО БАЛКОВСКИ:**

Се прифаќа амандманот.

**ЗВОНКО МИРЧЕВСКИ:**

Благодарам.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот...

Почитувани пратеници, ме известуваат од службата дека се доставени нови амандмани од пратеникот Аслан Селмани и додека се изготвуваат тие амандмани да го искористиме кворумот и да продолжиме со работа по наредната точка, па потоа ќе пристигнат амандманите ќе продолжиме со работа по оваа точка.

Значи, минуваме на точката 34. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за Градот Скопје, со Предлог закон.

Предлогот за донесување на законот со предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

За збор се јави министерот, г-дин Љупчо Балковски.

**ЉУПЧО БАЛКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, како целина со измената на законот за просторно и урбанистичко планирање, а заради заокружување на мерките за поедноставување на постапката за изработување и донесување на урбанистичките планови е предложена измена на Законот за градот Скопје во делот на учеството на главниот градски архитекст во постапката за изработување на деталните урбанистички планови.

Измената е направена заради потребата за усогласување на ингеренциите на главниот архитекЈ на градот во примената на надлежнос-тите на градскиот архитект во сите градови на Република Македонија. Имено во член 52 од Законот за локална самоуправа се утврдени надлежностите на главниот архитект на градот односно на давањето на стручно мислење на деталните урбанистички планови, а само во законот за град Скопје, член 15 е утврдено дека ако главниот архитект не даде позитивно мислење на деталните урбанистички планови што ги донесуваат општините од подрачјето на градот Скопје, постапката за нивно донесување не може да започне.

Со предложените измени и дополнувања на Законот за градот Скопје, односно со бришењето на член 15 од Законот се овозможува поголема ефикасност на иницијативата на локалната самоуправа, односно општините од подрачјето на градот Скопје, со што нема можност да се спречат иницијативите на локалната самоуправа во делот поврзан со формирањето и донесувањето на деталните урбанистички планови, а што имаат за цел поефикасно изработување и донесување на деталните урбанистички планови во општините и градот Скопје.

Од тие причини мислам дека ќе ја поддржите оваа измена на Законот за Град Скопје.

**ЗВОНКО МИРЧЕВСКИ:**

Благодарам, господине министре.

Молам, дали некој друг бара збор?

За збор се јави г-динот Петар Гошев.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Би скаал да го прашам министерот дали ако градоначалникот и архитектот на Град Скопје, беа од ВМРО ДПМНЕ ќе ја предложеја оваа измена на Законот за град Скопје.

**ЉУПЧО БАЛКОВСКИ:**

Оваа измена на Законот за градот Скопје во поглед на градскиот архитект од нашето министерство беше предложена кога градскиот архитект беше член од нашата партија, така да се работи само за поголема ефикасност и да и овозможиме на локалната самоуправа односно општините да можат да поднесуваат иницијативи за поефикасна работа.

**ЗВОНКО МИРЧЕВСКИ:**

Благодарам.

За реплика се јавува г-динот Петар Гошев.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Образложениeто, да ми прости министерот на изразот никакво затоа што тенденцијата е совршено, јасна - да се одземат некои ингеренш на градот Скопје. Сакам да му кажам на министерот дека систем во државата не се гради во зависност од тоа која партија е на власт или чиј човек е на власт на определено место. Систем се гради концепциски јасно, со јасни ингеренции на локалните единици на градот како посебна локална единица итн. Меѓутоа, оставам на членовите на парламентот дали ќе ја усвојат или не ќе ја усвојат оваа измена, нека гласаат. Совршено е јасно дека во моментите кога се настојува да се изврши децентрализација на многу централизираната власт се сака Скопје, како посебна самоуправна единица да се заобиколи. Намерите на сите им се јасни зошто тоа се прави.

Јас нема да гласам за оваа измена.

**ЗВОНКО МИРЧЕВСКИ:**

Молам дали некој друг бара збор?

За збор се јави министерот за транспорт и врски Љупчо Балковски:

**ЉУПЧО БАЛКОВСКИ:**

Образложението е такво какво што се постави прашањето. Јас не можам поинаку да одговорам на така поставено прашање, а од друга страна не се работи за поголеми права на локалната самоуправа. Како можат сите други градови во законот за локална самоуправа да ги почитуваат своите права, само Градот Скопје, односно градскиот архи-текст имаше свое мислење, екслузивно право каде што не може без негово позитивно мислење да почне иницијатива за донесување на урбанистички план.

**ЗВОНКО МИРЧЕВСКИ:**

Благодарам господине министре.

Уште еднаш г-динот Петар Гошев се јавува за реплика.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Градот Скопје, и другите градови односно другите општини не може да бидат изедначени и исто третирани. Уставот не ги третира подеднакво. Уставот го издвојува градот и тоа му е јасно на министерот.

Сега од кои причини се прави ова е друго прашање.

**ЗВОНКО МИРЧЕВСКИ:**

Благодарам г-дине Гошев.

За збор се јави министерот Балковски.

**ЉУПЧО БАЛКОВСКИ:**

Тоа е друго меѓутоа, овде зборуваме за стручноста некомпетентноста на градскиот архитект. Архитектите се исти и во Скопје и во другите градови во Македонија.

**ЗВОНКО МИРЧЕВСКИ:**

За збор се јави г-динот Александар Гештаковски.

Господине потпретседателе, почитуван преставник на Вла-дата,би сакал да го искажам ставот на Пратеничката група на Социјал-демократскиот сојуз. Пратеничката група нема да го поддржи овој закон од причини што ние ги искажавме и на работните тела и во оваа прилика. Сме во целосна реформа на локалната самоуправа. Законот за изменување и дополнување на Законот за локална самоуправа е во Собраниска процедура, се менуваат целосно надлежностите и она што значи дека не би требало да усвоиме еден закон кој претходно решава одредени прашања на локалната самоуправа особено кои ќе предизвикаат измени за градот Скопје. Исто така, со овој закон кој во основа се содржи во еден член кој вели дека членот 15 од Предлогот на законот за градот Скопје се брише. За да нема забуна ќе го цитирам и членот 15 од Законот за градот Скопје, кој вели: "Ако градскиот архитект не даде позитивно мислење на деталните урбанистички, планови што ги донесуваат општините од подрачјето на град Скопје постапката за нивно донесување не може да започне". Зборуваше и пратеникот Петар Гошев, нашата уставна положба за градот Скопје е во сосема друга корелација. Тука имаме двостепеност.Имаме општини и град што за разлика во другите единици на локална самоуправа тоа го немаме.Односот главен архитекст мора да постои мегу општините во Скопје и главниот архитекст на градот. Ова што зборуваше министерот, односнот меѓу архитекстот на општината и единицата на локална самоуправа е однос по однос на Министерството за урбанизам, а сега градежништво. Значи, такви ограничувачки или слични определби во однос на донесување на деталните планови, мислење дали претходно или по донесување на деталноит план од страна на единиците на локалната самоуправа мора да добие согласност за да Советот на единицата на локална самоуправа го изгласа. Значи, сметаме дека оваа одредба заради една целина, бидјеќи градот Скопје, има еден просторен план кој треба нормално да координира меѓу општините, а тоа е меѓу

главмиот архитект и оваа одредба и понатаму треба да остана и да се разгледа во можностите на реформите на локалната самоуправа и градот. Скопје.

Од овие причини ние нема да го поддржиме овој закон, а не би навлегувале во делот на односот на силите. Сигурно сметаме дека има влијание, тоа беше искажано и на одредени работни тела, министерот тоа го негираше, додека беше главниот архитект или управата или советот во другите политички партии не се покренуваше ова прашање. Нормално дека некој од општините и градот има одредени проблеми, но овој дел не се решава за една целина на градот Скопје.

**ЗВОНКО МИРЧЕВСКИ:**

За збор се јави министерот Балковски.

**ЉУПЧО БАЛКАНОВСКИ:**

Од законот за локална самоуправа, ќе го прочитам член 52 каде што стои главен архитект на градот.

"Главниот архитект на градот.

Прво, покренува иницијатива за изменување и дополнување на деталните урбанистички планови.

Второ, покренува иницијатива за изработка на урбанистички и архитектонско урбанистички планови.

Трето, Дава стручно мислеше на деталните урбанистички планови и урбанистичките и архитекстонско урбанистичките проекти".

Значи, архитекстот дава стручно мислење. Само во Законот за Градот Скопје, во членот 15 архитекстот не само што дава стручно мислекње, туку има и ексклузивитет каде што со неговото позитивно мислење иницијатива за измена на детален урбанистички план не може да зпочне.

Со оваа измена што ја предлагаме сакаме само што поголема ефикасност на иницијативите на локалната самоуправа од самите општини да потекнуваат за измена на деталните урбанистички планови. Инаку, стручното мислење пак си останува на градскиот архитект.

**ЗВОНКО МИРЧЕВСКИ:**

За збор се јави пратнеикот Наќе Стојановски.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас се јавив за збор пред да реагира господинот Гештаковски во име на пратеничката група на СДСМ.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ**: (продолжение)

И покрај тоа што има одредена реакција по ова прашање, јас исто така би кажал нешто.

Прво, мислам дека овој закон не требаше да се најде на седницата на дневен ред на Собранието на Република Македонија, затоа што, во основа е штетен за главниот град на Република Македонија - Скопје. Штетен е од основната причина: прво, видлива е од досегашната практика од изучувањето на оваа одредба, во корелација со одредбите од Законот за локална самоуправа и надлежностите на главниот архитект на Град Скопје, и на поодделните општини членки на градот Скопје, дека не постои проблем во нормативата и дека во Законот за Град Скопје, одредбата за давање позитивно мислење на градскиот архитект, врз основа на поедини иницијативи на седумте општини кои се во градот Скопје, не е случајна, таа е намерна. Намерата произлегува оттаму, што се преферира соработка помеѓу општините и градот Скопје во врска со изготвувањето на урбанистичките планови на урбаните единици во градот Скопје и воочување на постапката и начинот на размислувањето за проекциите за развој на градот Скопје.

Доколку не постои координација, а општо познато е дека во градот Скопје ...

**ЗВОНКО МИРЧЕВСКИ:**

Почитувани колеги ве молам за ред во Собранието. Повелете г. Стојановски.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

... егзистираат седум општини, ќе постои, во зависност од волјата и интересите на тие единки, разбивање на основните развојни и програмски определби на градот Скопје, воопшто како град.

Од тие причини сметам дека оваа одредба е штетна. Инаку, видливо е, дека досегашната норматива не создавала проблеми во функционирањето и остварувањето во практиката. Значи, проблемот постои во соработката на субјектите и исклучиво е лоциран тука.Оттука, надлежното Министерство, наместо своето внимание да го насочи со другите инструменти кои стојат на располагање, да ја услогласува и канализира соработката на пооделните локални единици во градот Скопје, во врска со развојот на урбанистичките целини, а во конкретниот случај со иницијативите за изменување и

дополнување на урбанистичкиот план, тоа на административен начин ја укинува одредбата од Законот со овој предлог, да не се меша градскиот архитект односно градот на своето подрачје.

Мислам дека таквиот заклучок е погрешен на Минисггерството и дека е штетен таквиот погрешен заклучок и прддпагам министерот да си го повлече проектот.

Овој проект дополнително ја срами оваа Влада. Немајќи капацитет позитивно да ги разрешува проблемите, оди кон негативно донесување, дури и по штета и дополнителни проблеми што ќе се создадат на гравниот град на РМ.

Од тие причини, мислам дека овој проект никако не смее да помине во овој Парламент.

**ЗВОНКО МИРЧЕВСКИ:**

Ви благодарам г. Стојановски,

За збор се јави г. пратеник Александар Гештаковски.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Господине министре, вие го мешате членот 15 и не утврдувате никаков друг начин за координација и усогласување од страна на градот Скопје и од донесување на деталниот урбанистички планови. Вие го бришете главниот архитект а не ставате никаков орган на градот, надлежен за убанистичкото планирање. Со тоа мислам дека во голема мера создавате можност за нарушување на градот Скопје, како единствена, просторна и урбанистичка целина. Тоа го кажаа и другите пратеници. Точно е тоа дека градот Скопје донесува генерален урбанистички план, со кој се условени иницијативите на општините, за тоа вие што зборувавте, во делот поврзан со програмирањето и донесувањето на деталните урбанистички планови. Вие кажете пред овој Парламент еден пример од досегашната практика дека надлежноста на главниот архитект на град Скопје, е регулирана со членот 15, кој се укинати со Законот и ги попречуваат иницијативите за изработување и донесување на детални урбанистички планови, од страна на општините од подрачјето на градот Скопје, а овозможува овој член координација и воедночување на деталните урбанистички планови, од страна на општините од подрачјето на градот Скопје. Овој член овозможува координација и воедночување на деталните урбанистички планови. Колеги пратеници, ова е во делот на мислењето, што го достави Советот на градот Скопје, кој е составен од повеќе советници, повеќе политички партии. Доколку ние како пратеници го почитуваме мислењето, што би требало да го почитуваме мислењето на еден орган на локална самоуправа, кој ни е доставен, што господине потпретседателе вие ни го испративте, мислам дека треба да се почитува мислењето на тој орган со кој граѓаните ги остваруваат своите интереси, особено и во оваа област: координација и заедништво на градот Скопје. Јас само го цитирам мислењето на Советот на градот Скопје.

Затоа, мислам дека не треба да брише анблок членот 15 за надлежностите на главниот архитект.

**ЗВОНКО МИРЧЕВСКИ:**

Благодарам г. Гештаковски.

Има збор г. Љупчо Балковски, министер за транспорт и врски.

**ЉУПЧО БАЛКОВСКИ:**

Сакам да објаснам пред сите пратеници дека во членот 52 од Законот за локална самоуправа си останува стручното мислење на главниот архитект на градот Скопје. Овде се работи само за иницијатива. Таа иницијатива, со укинувањето на членот 15, да им овозможиме на општините и во Скопје, како и во сите други општини во РМ. Како пример, ќе ви кажам дека за Клиничкиот центар имаше иницијатива, односно барање, да се овозможи за самата Клиника да се направи нов детален урбанистички план, меѓутоа, планот не беше содржан со овој член 15 и затоа не ни отпочна иницијатива за измена на деталниот урбанистички план. Значи, ние бараме само да се отпочне иницијативата, а стручното мислење на архитектот и на целата Управа што е во градот ќе оди со нацрт и сите други фази на деталниот урбанистички план. Иницијативата да не ја скратуваме уште на самиот почеток. Тоа е целата работа.

**ЗВОНКО МИРЧЕВСКИ:**

Му благодарам на г. министер.

Дали некој друг бара збор?

Има збор г. пратеник Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги, почитуван г. министре.

Како што се одвива расправата, се повеќе гледаме дека се нема доволно

аргументи зошто овој закон на ваков начин се става на расправа во Парламентот. Напротив, самите примери кои се кажуваат се навистина, примери од кои ние не можеме да ги градиме законите. Навистина, се создава сериозен впечаток во Парламентот, дури и од страна на дискусиите на г. министер и од прашањата кои се поставуваат до него, кои се несоодветно одговорени за нас пратениците, дека овој закон, единствената логика ја влече од фактот дека урбанистичките власти во РМ во овој момент не се подредени по вертикала од една политичка опција. Тоа значи дека оној кој го контролира Минстерството за урбанизам, не ги контролира по вертикала до крај сите урбанистички надлежности од истата партија, преку градот Скопје до сите општини. Се создава впечаток дека кога веќе тоа така не може да се контролира, тогаш е најдобро со закон да се одземе овластувањето на оној, кој не е од истата партија. Тоа можеме да го поткрепиме и со два аргумента, кои се сосема очигледни од предлогот.

Прво, ова законско решение функционира веќе петта година и никој досега не го доведе во прашање. Сега министерот го доведува во прашање, при крајот на мандатот на оваа Влада, меѓутоа, тоа можеше уште на почетокот да се направи, но на почетокот тоа на се направи, затоа што се немаше таков проблем на меѓусебна контрола, од страна на тогашните градски власти, односно градски архитекти.

Инаку, ако ние го видиме овој закон кога поминал на седница на Влада, ќе ни стане совршено јасно, дека мотивите биле токму, политички, а не поинакви.

Овој закон е поминат на Влада на 21 февруари оваа година. Тоа е само 100-тина дена, по конституирањето на локалните органи во РМ, по изоборите од 2000-та година. Значи сосема е очигледно дека во услов кога градските власти во Скопје се конципирале по желба на граѓаните од поинаква политичка опција, тогаш да се влезе постапно во законите, кои оневозможуваат контрола на некои делови и тие законски овластувања да се одземат. Господине министре, сега се обраќам кон вас: Владата не би требала да дозволи, да ги менува условите за живеење во град Скопје, врз основа на изборните резултати. Добра Влада, Влада која сака отворено да работи пред граѓаните, ги соопштува тие намери пред изборите. Значи, невозможно е. Ние овде живееме 500 илјади граѓани. Ова ги тангира само граѓаните на Скопје. 500 илјади граѓани да одат на избори, да одлучуваат за својот локален живот и откако, ќе одлучат, министерот таа одлука на 500 илјади луѓе да ја занемари и да каже за што вие сте одлучиле: од утре не е ваша ингеренција. Кандидатите кои сете ги избрале за тоа, за да изберат понатаму градски архитекти итн., ќе ги немаат истите овластувања, за што вие сте ги избрале. Тоа се прави или на крајот на мандатот, од некаков состав во локалната самоуправа, па се оди на новите избори, со нови овластувања, или во текот на кампањата се соопштува дека ако некој добие на ваков начин ќе ги смени условите на стопанисување, или условите на урбанистичко уредување на градот Скопје. Меѓутоа, доколку тоа се направи непосредно по изборите, откако ќе се увидат изборните резултати и се одземе тоа овластување, во овој случај е јасно на кои општини се одзема, а на кои се додава итн., тогаш станува јасно дека Владата и во овој случај Министерството е влезена во процес, во кој овластувањето на органите на локалната самоуправа ги дава и ги одзема преку Парламентот со закон зависно од тоа на која политичка опција припаѓаат луѓето кои се избрани.

Граѓаните на град Скопје избраа овој пат, со огромно мнозинство уште во првиот круг, да се конституираат градските локални власти, така што, градскиот архитект ќе има можност, на територијата на град Скопје, независно за која општина, да даде претходно, позитивно мислење за Деталниот урбанистички план, што се донесува на целото подрачје на градот Скопје.

За тоа, граѓаните се согласија и ги избраа советниците и градоначалникот кои веруваа дека тоа ќе го спроведе. Одеднаш, Законот сега оди во Собрание во насока, таа волја на граѓаните ја преименуваме на оние, кои можеби, ги изгубиле изборите. Мислам, едноставно, не е политички фер на градски органи, кои се конституирале, уште во првите 100 дена да им се одземат некои од битните овластувања на тие луѓе. Тоа се прави на крајот на мандатот, или се кажува во предизборната кампања, кога граѓаните ќе гласаат, да знаат со што можат да се соочат.

Јас ќе повторам уште еднаш, господинот што ми се обрати да научи, дека во Парламентот овластувањата се делат врз основа на волја на гласачи, а не

на оние кои ја имаат позицијата да одлучат така.

**ЗВОНКО МИРЧЕВСКИ:**

Ви благодарам г. Поповски.

Има збор г. Љупчо Балковски, министер за транспорт и врски.

**ЉУПЧО БАЛКОВСКИ:**

Јас сакам само нешто да појаснам: условите за живеење се утврдени во Генералниот план на градот Скопје. А генерален план на град Скопје се уште не е донесен од сегашното Градско Собрание. Така што, не треба сега да ги мешаме кои се ингеренциите. Ние овде одиме само да им се овозможи на општините да ја дадат иницијативата за нови детални урбанистички планови.

**ЗВОНКО МИРЧЕВСКИ:**

Ви благодарам г. министре.

Има збор г. пратеник Ѓорѓи Котевски.

**ЃОРЃИ КОТЕВСКИ:**

Почитувани пратеници,

Очигледно дека нешто не е по мерка на СДСМ, посебно на г. Никола Поповски. Тие измислуваат многу работи, даваат многу аргументи, за да не помине некој предлог.

Вака како што тргнаа, тие можат да преврtat се во Република Македонија, за повисоки интереси и заради "болвата можат да го изгорат и јорганот", токму заради тоа, не треба да се занимаваме со нивните контрапредлози, туку да се даде Законот на гласање и да го изгласаме. Јас овој Закон ќе го поддржам со неговите измени.

**ЗВОНКО МИРЧЕВСКИ:**

Му благодарам на г. пратеник Горѓи Котевски.

За збор се јави г-ѓата пратеник Ѓулистана Марковска.

**ЃУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Почитуван потпретседателе, дами и господа пратеници,

Уште на самиот почеток ќе кажам дека добар дел од законските проекти, што денеска ние ги гледаме се од февруари, односно, освен економската палета на Законот, предложена од страна на министерот Груевски, сите останати се од февруари и март. Што значи, не се работи за никакво штимување, туку, за континуирано неработење на Собранието, кое што веќе долго, односно, три месеци не работеше. Така што, веројатно, тоа е една од причините овој Закон сега да се разгледува. Од друга страна на сите ние познато дека Собранието е единствен законодавен дом во оваа Држава. Мислам на Собранието на Република Македонија. Овој орган ја согледува потребата од промена на закон, или од носење на закон.

Мислам дека тоа апсолутно, не се коси со волјата на гласачите, затоа што ако се вели дека советниците на град Скопје, се избрани од страна на непосредните бирачи на градрт Скопје, истото се однесува и на пратениците избрани во овој највисок законодавен дом, а тоа е Собранието на Република Македоднија, во кој што седат регуларни избрани пратеници, кои одлучуваат за судбината на сите законски проекти, вклучувајќи го и Законот на локална самоуправа.

Сметам дека повеќе пати министерот повтори дека апсолутно не се работи за крупна измена на Законот за локална самоуправа, кој што допрва треба да претрпи низа измени, за што ќе треба добро да се усогласуваат пратеничките групи, туку дека се работи единствено за промена на една обична иницијатива за промена на било кој урбанистички план, што како своја работа ги имаат сите други останати општини, освен општините на градот Скопје.

Меѓутоа, тоа воопшто не значи дека овие иницијативи кои што ќе се донесат, чија што промена ќе почне, со самото изгласување во старт ќе значат генерална измена на генералните урбанистички планови. Сметам дека примерот што го даде министерот Балтовски е сосема адекватен на оваа измена што ја носиме, бидејќи колку што мене ми е познато иницијативата за промена на Деталниот урбанистички план на Клиничкиот центар, во кој што треба да се гради нов објект на Гинекологија, а кој што не може да се изгради појавата на подводни води, што не биле планирани во тој период, исто како што се однесува за други објекти, кои што се во околината на овој објект, што не е можно без Деталниот урбанистички план.

Токму поведени од тие причини, е и промената за Општината Центар. За другите не сакам да зборувам, бидејќи не сум запознаена, меѓутоа, сметам дека една демократска промена, која што била ставена во еден период, кој можеби, не соодветствува на тоа време, сметам дека сега треба да се измени. А дека Законот за локална самоуправа ќе претрпи сериозни измени и дека можеби, и ова ќе биде променето, апсолутно, не станува збор. Мислам дека нема потреба од

некакви препукувања, бидејќи се работи за незначајна измена и дека истата зборува за она што министерот го истакна во своето експозе, за работи од практичен интерес, кои што мораат да почнат да се изменуваат.

**ЗВОНКО МИРЧЕВСКИ:**

И благодарам на г-ѓата Ѓулистана Марковска.

Има збор г. пратеник Петар Гошев.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Господинот министер во репликите неколку пати сакаше да ја поедностави работата и да каже дека се работи за нешто многу мало, многу ситно, што треба да се направи во полза на некакви подобри решенија и рече дека главниот предлог за измената на Законот се состои во тоа само да не се попречуваат иницијативите на општините за измена на урбанистичките планови на општините итн.

Значи, акцентот на образложението го става да не се попречуваат иницијативите на општините. Доколку е тоа, и јас би се согласил со министерот веднаш да гласам за тој закон.

Меѓутоа, министерот има напишано образложение од него, или од неговите службеници, што тој го усвоил. Таму не пишува така. Таму пишува дека мотивот е друг. Таму пишува вака: "донесувањето на Законот за изменување и дополнување на Законот за градот Скопје, со Предлог-закон, итн... е заради, потребата за поедноставување на постапката за изработување и донесување на деталните урбанистички планови, што ги донесуваат општините на градот Скопје", и ве молам ова слушнете го, "и заради усогласување на ингеренциите на главниот архитект на градот, во примената на надлежностите на градскиот архитект во сите градови во РМ".

**ПЕТАР ГОШЕВ:** (продолжение)

Значи, не е работата да се попречува иницијативата за измени на урбанистичките планови, туку да се измениле ингеренциите на архитектот на Град Скопје, да се усогласиме со ингеренциите на архитектите во другите градови односно другите општини во Република Македонија. А, во Уставот на Република Македонија пишува недвосмислено дека имаме општини како локални единици и дека имаме град како посебна локална единица итн. Значи, ова е спротивно на образложението на министерот. Понатаму, само вели дека е утврдено дека, ако главниот архитект не даде позитивно мислење на ДУП што ги донесуваат општините од подрачјето на Град Скопје, постапката за нивно донесување не може да започне. Не постапката за иницијатива за отпочнување на измена, туку за донесување.

Е, па, господо, Градот Скопје е единствена целина. Градот Скопје има општини. Ама, Градот Скопје мора да функционира како единствена целина. Таа единствена целина мора некаде да се усогласува на ниво на Град Скопје како целина. Мора да се координира, а таму мора да има и некакви заеднички надлежности во тие градски области во Република Македонија. Градот Скопје не може да биде ист како на пример градот Валандово или градот Пирава ако сакате. Значи, не може да биде исто. Значи овој мотив, ова образложение апсолутно е спротивно на она што самите луѓе од министерството го запишале, и овде всушност се открива вистинската намера.

Сакам уште нешто да ви кажам, какво е моето мислење. Моето мислење, ако сакате да ви кажам, е дека решенијата со архитектите треба сосема да се укинат, ако лично ме прашувате. Треба други решенија да смисли министерството и овој Парламент, затоа што до пред малку имавме Завод за урбанизам и архитектура на град Скопје, на едно место голема стручна екипа работеше на урбанистичкиот план на Град Скопје, на реализацијата. Тие луѓе стручно ги познаваа сите тие работи во Градот Скопје, во континуитет. Ние со нашите никакви реформи што ги правиме го приватизиравме тој градски завод. Не е јавна фирма на градот, измисливме решение архитект. Тој архитект го менува секоја влада, секоја градска власт што ќе дојде во новите избори и секој почнува "Јово наново", а партиите со договараат во нивните партиски функционерчиња таму да стават архитекти кои се "квакани", и "недокквакани" за таа функција, но биле партиски активисти итн. и тие ќе ни градат градови во континуитет и тие градови многу убаво ќе ни изгледаат.

Значи, треба да се размислува многу поинаку, а не со овие ситни трикови да вршиме меѓусебни опструкции. 1986 година бев во посета на Дрезден. Знаете дека тоа е наструшениот град во Европа во Втората светска војна, со 400 илјади мртви од бомбардирањето, настаните познати. 20 години е таму директор еден исти човек со стручњаци кои перманентно работат на изгледот на Дрезден. Одете, погледнете како изгледа Дрезден, каков бил пред војната,

каков бил срушен и каков е реновиран Дрезден. Затоа што не се импровизира. Ова е чиста импровизација заради меѓусебни сопки.

Министре, не зборувам од партиски мотиви. Не заради тоа што градоначалникот е од ЛДП. Решенијата воопшто не чинат, генерално. Функциите на градот воопшто. Скопје требаше да се обликува попрецизно како посебна локална единица.

Повлечете го овој закон. Предложете други ефикасни решенија, ќе ги поддржиме, ќе ги гласаме во овој Парламент.

Благодарам.

**ЗВОНКО МИРЧЕВСКИ:**

Ви благодарам г. Гошев.

Збор бара г. Настевски Кирил.

**КИРИЛ НАСТЕВСКИ:**

Уште расправата не завршила по Законот за просторно и урбанистичко планирање, а сега е расправата за Законот за Градот Скопје, меѓутоа суштината е практично иста. Некако, со регулативата и во едниот и во другиот случај сеуште се настојува да се подреди просторното и урбанистичкото планирање на државните структури и, како да човекот фактор се помалку е важен. Треба да се знае дека ако, не просторните, но урбанистичките планови треба да ги правиме по желба на граѓаните, по барање на граѓаните, значи по нивно мислење. Некако отидовме во некаков аут уште по амандманската расправа по Законот за просторното планирање. Програмите за изработка на урбанистичките планови во еден град, во едно населено место треба да ги носи Владата. Значи, мислењето од општините нема да биде битно. Тоа е едно, но карактеристично.

Меѓутоа, ценам дека во аут отидовме уште пред 5-6 месеци со донесувањето на Законот за органите за државната управа, каде што една дејност, урбанистичкото планирање, комуналните дејности, станбените прашања ги разнебитивме, ги разделивме на две министерства, заради некои други побуди и таа една целина што требаше да функционира, да биде во функција на граѓаните, сега се наоѓа на две места. И законите ги носиме така, по потреба на министерствата. Тоа е и случајот со Законот за просторно и урбанистичко планирање, бидејќи дејностите се распределија и сега дајте да интервенираме во законот. Правејќи анализи настојувавме, еве и јас низ амандманите да се дојде до некоја состојба за да може барем во едно извесно време да функционира. Меѓутоа, се доаѓа до некои апсурди. На пример инспекциски надзор ќе врши самоМинистерството за транспорт и врски, а надлежност на просторното планирање е на Министерството за животна средина. Така и во овој случај со Законот за градот Скопје, за кој што се кажува дека има главниот градски архитект, ексклузивно право, меѓутоа тоа е правото повеќе на надзор и усогласување на плановите, деталните урбанистички планови што е во случајов, со генералниот урганистички план. Впрочем направивме и една интервенција во Законот за просторно и урбанистичко планирање. Сега, не знам дали би му било времето на донесување на една ваква измена, да се одземе една ингеренција на главниот градски архитект во услови кога навистина се надѕира и очекува дека треба многу дејности да се отстапат на општините, а ние сега правиме обратно. Според тоа ценам дека добро би било овој закон претставниците на Владата да го повлечат сега во овој момент, бидејќи ќе дојде брзо времето кога треба да направиме и нов закон за просторно планирање или урбанистичко планирање, нова регулатива, бидејќи трета измена, веќе тоа се разрешува, сега еве амандманите на г. Селмани итн, тоа нема да личи на некаква регулатива. Значи, мојот предлог е барем, ако појдовме понапред со првиот закон, барем овој закон, сега засега да се повлече и ќе се интервенира во моментот кога ќе се носат нови прописи за таа област и сметам ќе бидат на општо задоволство на сите. Благодарам.

**ЗВОНКО МИРЧЕВСКИ:**

Благодарам господине Настевски.

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниов заклучок.

Пред да го направам тоа, ги замолувам пратениците кои се во фоајето да се вратат во салата за да имаме доволен број пратеници бидејќи ќе треба да гласаме по заклучокот.

Ги молам службите да ги повикаат пратениците.

Почитувани пратеници предлагам да продолжиме со работа, а на пратениците што се вратија брзо им благодарам.

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниов заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот на Градот Скопје.

Ве молам да гласаме.

Од 61 пратеник, за гласале 4е, воздржани 2, против 10 пратеници.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Ве молам да гласаме.

Почитувани колеги пратеници гласањето не е во ред.

Ги молам службите да ги пребројат пратениците дали имаме доволен кворум за работа во салата.

Во салата има 63 пратеници.

Тогаш, можеме да констатираме дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отоворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно-правната комисија поднесе амандман на насловот на Предлогот на законот со кој се согласил претставникот на Владата и тој е составен дел на предлогот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам, да гласаме.

Мислам дека има повеќе пратеници отколку што се покажува на семафорот, па ги замолувам службите да ги пребројат пратениците присутни во салата.

Јас сепак ги замолувам пратениците кои се фоајето да влезат поради повторување на гласање. Во салата се присутни 60 пратеници.

Ги молам службите да ги повикаат пратениците, во спротивно за 5 минути ако не влезат ќе мораме да прекинеме со работа.

Ако не дојдат пратениците во салата ќе ја прекинам седницата.

(Пратениците влегуваат во салата).

Ве молам, да го повториме гласањето.

Ве молам, да гласаме.

Ги молам службите да пребројат колку пратеници се присутни во салата.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување на Законот за Градот Скопје.

Почитувани пратеници, предлагам сега да се вратиме на точката 33, затоа што во меѓувреме пратеникот, г. Аслан Селмани, поднесе амандман за внесување нов член 1 пред членот 1, за менување на член 1, за додавање два нови членови по членот 1, член 2 став 1, член 3 став 2, член 6 став 1и 2, член 10, за менување на став 2 и за додавање нов член 12-а по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот за внесување нов член 1, пред членот 1, поднесен од пратеникот Аслан Селмани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЉУПЧО БАЛКОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ЗВОНКО МИРЧЕВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Ве молам, да гласаме.

Ги молам службите уште еднаш да ги пребројат пратениците.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:** (продолжение)

Констатирам дека амандманот не е прифатен.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 1 поднесен од пратеникот Аслан Селмани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЉУПЧО БАЛКОВКСИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ЗВОНКО МИЧЕСКИ**:

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Ги молам службите да пребројат дали во салата имаме кворум.

Констатирма дека Собранието не го усвои амандманот за менување на член 1 поднесен од пратеникот Аслан Селмани.

Отворам претрес за амандманот за додавање два нови члена по членот 1 поднесени од пратеникот Аслан Селмани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЉУПЧО БАЛКОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по аман-дманот.

Амандманот го ставам на гласање

Ве молам да гласаме.

Бидејќи констатирам дека од пред малку бројната состојба во салата не е променета, можам да констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за додавање два нови члена по членот 1 поднесен од Аслан Селмани.

Отворам претрес по амандманот на член 2 став 1 поднесен од пратеникот Аслан Селмани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЉУПЧО БАЛКОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Ги молам службите да пребројат дали во салата имаме кворум.

Имаме присутни 61 пратеник.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 2 став 1 поднесен од пратеникот Аслан Селмани.

Отворам претрес по амандманот на член 3 став 2 поднесен од пратеникот Аслан Селмани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе,

**ЉУПЧО БАЛКОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Од вкупно 61 пратеник, гласале 55 од кои, за 11 , воздржани 12, против 32.

Констатирма дека Собранието не го усвои амандманот на член 3 став 2 поднесен од пратеникот Аслан Селмани.

Отворам претрес по амандманот на член 6 став 1 и 2 поднесен од пратеникот Аслан Селмани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЉУПЧО БАЛКОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи' никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласаше.

Ве молам да гласаме.

Од вкупно 61 пратеник, за гласале осум, воздржани 13 , против 39.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 6 став 1и 2 поднесени од пратеникот Аслан Селмани.

Отворам претрес по амандманот на член 10 за менување на став 2 поднесен од пратеникот Аслан Селмани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЉУПЧО БАЛКОВСКИ:**

Амандманот не се прифака.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Од вкупно 62 пратеника во салата, за гласале девет, воздржани девет, против 40 .

Констатирам дека Собраниеот не го усвои амандманот на член 10 за менување на став 2 поднесен од пратеникот Аслан Селмани.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 12-а поднесен од пратеникот Аслан Селмани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЉУПЧО БАЛКОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање

Ве молам да гласаме.

Од вкупно 62 пратеника, за гласале девет, воздржани 11 , против 40.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за додвање нов член 12-а поднесен од пратеникот Аслан Селмани.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Од вкупно 66 пратници, за гласале 51, воздржани пет, против 10.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за просторно и урбанистичко планирање.

Минуваме на точката 35,

Предлог за донесување на закон за снабдуваше со вода,одведување, пречистуваше и испуштање на урбани отпадни води.

Предлогот за донесување на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Молам кој бара збор?

За збор се јави министерот Љупчо Балковски.

**ЉУПЧО БАЛКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, најнапред дозволетеми да ви се заблагодарам за донесување на сите овие три закони , затоа што овие закони, поготово Законот за градежно земјиште и иземните на Законот за просторно и урбанистичко планирање и измените на Законот за град Скопје, навистина се од интерес на сите граѓани на Република Македонија. Законот за снабдување со вода, одведување, пречистување и испуштање на урбаните отпадни води е Закон во прва фаза. Дејноста на водоснабдувањето, одведувањето, пречистувањето и испушташеот на урбаните отпадни води во РМ карактеристично е досега што не беше уредена со закон истата досега е регулирана со одлуки донесени од страна на општинските собранија, односно совети. Специфичноста и комплексноста во обавуваштето на комуналната дејност особено како дејност од јавен интерес во која во изминатиот период постоеше голема разновидност во начините на нејзиното уредување , ја наметна потребата и истата нормативно се уреди на единствен начин и во законски рамки во склад со Европското законодавство, прифајќајќи ги препораките и искуствата и упатствата на ЕУ. При изработка на законот беа земени во предвид и укажувањата и мислењата на експертите од Светската банка. Исто така, беа консултирани јавните општински комунални претпријатија кои дадоа свој придонес во изработката на овој закон. Со донесувањето на овој закон се постигнува еднообразност во регулирањето на комуналната дејност во целост, особено во организирањето, изградбата, тековното, инвестиционото одржување , подобрување на условите и функционирање и стопанисување со комуналните објекти и материи. Според тоа, нормативното уредување ќе допринесе на единствен и законски начин да се вршат сите дејствија во рамките на комуналните претпријатија, уредувајќи ги условите и начинот на снабдувањето со вода за пиење, вода за технолошки и други потреби, одведување и пречистување на урбаните отпадни води  и други прашања од значење на водоснабдувањето, одведувањето и пречистувањето на отпадните води.

Ве молам, овој Предлог на закон да се донесе во две фази.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Дали некој друг бар азбор?

Има збор г-динот пратеникот Кирил Настески.

**КИРИЛ НАСТЕСКИ:**

Несомнено дека потребата од донесување на закон за снабдува-ње со вода, одведување, пречистување и испуштање на урбаните отпадни води е голема . Според тоа, овој закон заслужува сериозно внимание. Се разбира дека во ова прво читање, што се вели прва расправа по законот би требало да се дадат определени насоки заради изготвување на посолидна верзија на втората фаза на законот.

Во таа смисла, јас сакам да дадам неколку напомени кои што сметам дека во идната фаза би треб.ало да си го најдат своето место. Имено, во ова поглавје основни одредби, сметам дека треба одделните поими на законот кои ги има 38 , треба да се редуцираат, бидејќи многу од овие поими се познати и одомаќинети, или дефинирани скоро во иста содржина и значење во некои други закони. Според тоа, само го оптеретуваат Законот, или можат  да се групираат, така што поимите предлагам да се редуцираат.

Во поглавјето: Услови и начин за вршење на дејност, сметам дека се ограничени можностите за вршење на дејностите од Законот само преку јавно комунално претпријатие. Имено, познато е дека со Законот за комунални дејности , комунална дејност може да се врши со јавно претпријатие, со давање концесија на начин утврден со закон, или со дозвола. Според тоа, со овој Предлог за донесување на закон се ограничува можноста само со една форма , а Законот за комунални дејности се смета еден вид основен закон за сите останати закони од комуналната сфера. Во тој смисол треба да се разработи и прашањето на основање на меѓуопштински јавни претпријатија, а веќе имаме искуство дека во определени средини има потреба да се формираат меѓуопштински јавни претпријатија за водоснабдување според тоа, треба и одведување, и пречистување на отпадните урбани води. Значи, треба да се направи корекција во идната фаза, ако подготвителот, односно предлагачот на законот го цени тоа. Со овој закон дефинитивно треба да се зацрта функционирањето на водоснабдувањето со вода за пиење и сега, а и во иднина тоа е еден од горливите прашања на државата. Ако се следат поставките на просторниот план на РМ кој што е стратешки документ за севкупниот развој на државата, тогаш во оваа област се асоцира на регионално водоснабдување со прелевање на водите од едно во друго подрачје. Во таа смисла е неопходно постоење на едно државно јавно претпријатие за снабдување со вода за пиење. Имаме маса на јавни претпријатија за некои дејности кои што се сметаа и поневажни, а за снабдувањето со вода за пиење државно јавно претпријатие е неопходно, бидејќи согласно сите поставки на просторниот план на државата , регионалното водоснабдување добива преднос.

И на крајот би сакал уште да сугерирам , прашањата за изградбата, а особено финансирањето на изградбата и одржувањето на водоснабдителните и канализационите системи и постројки за пречистување треба да се допрецизираат, особено тоа се однесува на субјектите што стопа-нисуваат со тие системи и постројки. Значи обврските за субјектите што стопанисуваат треба да се допрецизираат во идната фаза. Тоа беа моите предлози кои што сметам предлагачот ќе ги земе во предвид за идната фаза на овој закон.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Пред да го прочитам заклучокот и да преминеме на негово гласање, замолувам колегите пратеници кои што се во фоајето да влезат во салата.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

**ЗВОНКО МИРЧЕВСКИ:**

Ги молам службите да избројат дали имаме доволен број пратеници во салата.

(По пребројувањето од службите)

Уште тројца пратеници ни фалат за кворум.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

(Во салата влегуваат уште четворица пратеници) Бидејќи веќе имаме кворум, да продолжиме понатаму. Значи, бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1. Собранието го усвојува Прелдогот за донесување на закон за станбдување со вода, одведување, пречистување и испуштање на ур-бани отпадни води.

2. Владата на Република Македонија да подготви и на Собранието да му достави предлог на закон, при што ќе ги има предвид мислењата и укажувањата содржани во извештаите на работните тела, како и укажувањата од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија.

3. Овој заклучок, заедно со извештаите на работните тела, како и стенографските белешки од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија, да се достави до Владата на Република

Македонија и до Министерството за транспорт и врски.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме. (По гласањето)

Според електронскиот систем немаме доволен број пратеници или некој нема гласано.

Јас ве молам да го повториме гласањето уште еднаш.

Ве молам да гласаме.

(По гласањето)

Од 65 пратеници, за заклучокот гласале 64, воздржани 1, против нема.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Почитувани колеги пратнеици,за да го искористиме присуството на министерот за транспорт и врски предлагам денес да ја разгледаме 43-та точка од дневниот ред. Извинете, бидејќи во врска со оваа точка треба да биде присутен министерот за економија, но тој во овој момент не е присутен во салата, денес ја прекинувам оваа седница.

Ќе продолжиме утре во 11,00 часот.

(Седницата прекина во 17,15 часот).